**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,09 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, продолжуваме со работа по 53-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Ристо Пенов, Јован Манасиевски, Данаел Дончев, Валентина Божиновска, Владимир Ѓорчев, Илија Димовски, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Борис Кондарко, Радмила Шекеринска, Славица Грковска, Владо Бучковски, Фијат Цаноски и Садула Дураку, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 12 - Предлог на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандмани на член 2 за бришење на став 1 и на член 99 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата,

Причината за поднесување на овие амандмани е поради потребата одредбите на овој закон да се однесуваат и на превозот на опасни материи со превозни средства на Армијата на Република Македонија.

Имено, за да може министерот за одбрана за да изготви подзаконски акт за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, потребно е да се предвиди вакво овластување со овој закон. Ваквото решение не е во спротивност со Европската спогодба за меѓународен патен превоз на опасни материи, а истовремено, ваков начин на регулирање на оваа пробелматика се практицира во повеќе држави во светот, при што како пример може да се наведе Законот за превоз на опасни материи на Република Хрватска.

Од овие причини јас ги поднесов овие амандмани и сметам дека ќе биде потребно да се прифатат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Има збор госпоѓа пратеник Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Почитуван потпретседателе,

Во интерес на времето го повлекувам амандманот.

(Реакции во салата во смисла дека сега не може да се повлече амандманот).

**Бесим Догани:** Бидејки го заклучивме претресот, не може да се повлече.

Ви благодарам, како и да е.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат на точен број присутни пратеници во салата).

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат на точен број присутни пратеници во салата).

Бидејки во салата нема доволен број пратеници, давам пауза до 11,30 часот. Благодарам.

(Пауза од 11,17 до 11,40 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места продолжуваме со работа.

Уште една ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите ги замолувам уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат на точен број присутни пратеници во салата).

Уште една ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места, а службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат на точен број присутни пратеници во салата).

Бидејки во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 53 пратеници, од нив 20 гласале за, воздржано 2, против 31.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 52 пратеници, од нив 11 гласале за, воздржано 1, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре,

Јас би сакал да кажам неколку зборови околу Законот за превоз на опасни материи со железница. Тој е во целсот усогалсен со европската легислатива и тој се повикува само на спроведување на директивите од Европската унија.

Затоа ние, во интерес на подобрување на легислативата околу превозот на опасни материи, сакаме да дадеме пдоршка на овој закон, се со цел за побрзо приближување на македонското законодавство до Европската унија и се со цел да проектите што се предвидени за влез и за добивање датум на преговори во Европската унија бидат во целост исполнети од наша страна. Затоа, СДС на Македонија ќе го подржи овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре, претставници на Владата,

Текстот на законот навистина вооснова е солиден и прифатлив. Пратеничката група на СДС ќе го подржи овој закон, иако сметам дека ќе беше многу подобро до колку одредени појаснувања ни беа дадени на увид, нам на пратениците овде и до колку одредени специфични делови беа поинаку можеби и формулирани или презентирани во законот.

Законот предвидува регулирање на оваа материја онака како што предвидуваат европските или меѓународни конвенции. Овде би ја спомнал Европската спогодба за меѓународен патен превоз на опасни материи, Конвенција за меѓународен железнички превоз, односно Правилникот 3 што е Правилник за меѓународен превоз на опасни материи во железничкиот сообраќај. Се надевам дека претставникот на Владата, односно предлагачот го има регулирано во овој член 4 во овој закон.

Но, дозволете ми, во оваа можност да истакнам дека имајки предвид дека се работи за една мошне сериозна и обемна специфична материја, самата Конвенција е материја што, до колку некој сака да ја прочита е на повеќе од 1100 страници. Тоа е материја што постојано се надополнува и менува, следејки ги, се разбира, новите технолошки достигнувања во оваа сфера и нормално, се поставува прашањето дали има и кое е тоа тело во Република Македонија што детално ја следи оваа материја и ја известува заинтересираната јавност, па прашувам дали има некое тело во Република Македонија што ја следи оваа материја и тоа детално и ја известува заинтересираната македонска јавност, а тоа се транспортерите, луѓето кои се бават со превоз на опасни материи за тоа што се менува или што веќе станува дел од законодавството во Република Македонија.

За информација на пратениците во оваа сала, оние кои се присутни денес, текстот на оваа значајна Конвенција, според мои информации не е ниту преведен, а камо ли да биде поделен на пратениците, нам, кои треба да го изгласаме овој закон.

Затоа, би замолил, до колку оваа инфорамција е точна дека Конвенцијата не е ниту преведена на македонски јазик, во име на пратеничката група на СДСМ барам заедно со Законот да се објави и текстот на Конвенцијата на македонски јазик.

Конвенцијата предвидува забрана за превоз на опасни материи на возила со горно полнење. Голем број транспортери во Република Македонија имаат најголем број на возила со горно полнење. Ова прашање, во оваа Конвенција воопшто не е третирано. Нормално, било кој транспортер, било која работна организација која се бави со превоз на опасни материи ќе го псотави прашањето до кога тие треба да извршат преуредување на возилата го вршат овој превоз и дали тоа, оваа забрана за горно полнење важи после 2010 година или веќе е на сила во Република Македонија?

Одговорот, сите оние кои го прочитале основниот Закон од 1949 година и 1957 година, пишува кога треба да се заврши оваа работа. Се поставува прашањето дали превозниците во Република Македонија ќе бидат благовремено информирани со цел да им се достави рок за подготовка и примена на оваа одредба, имајки предвид, како

што веќе реков, дека повеќе од 90% од возниот тпарк во Република Македонија е со горно полнење?

Ова, почитувани колеги е само еден пример што укажува на специфичноста на оваа материја и потребата за еден посериозен пристап кон неа и од страна на нас како носители на законодавната валст во Република Македонија.

Имено, за ваша информација, сакам да потсетам дека на седница на Комисијата за транспорт и врски побара да ми биде кажано дали е нависитна дека оваа Конвенција нее преведена на македонски јазик? И, како е можно да ние носиме не само закон, туку и измени и дополнувања на Законот, а да Конвенцијата не е преведена? Тоа значи дека ниту еден пратеник кој ќе гласа за овој закон не ја видел таа Конвенција и не знае за што ќе гласа. Како може тогаш транспортерите во Република Македонија да ги обврзуваме да го почитуваат законот кога тие не знаат како таа изгледа. А, велиме дека само Конвенцијата е на повеќе, според мои информации, на англиски јазик, повеќе од 1160 страници. Може некој да ме исправи, можеби е и 1200 страници.

Сакам да кажам уште една забелешка што се надевам, со тек на време, почитуван заменик министре ќе се покаже дека е лошо предвидено во Законот. Тоа е регулирањето на оваа материја во членот 17. Се воведуваат советници за безбедност на превоз на опасни материи. Но, во услови кога немаме текст на Конвенцијата на македонски јазик се поставува прашањето дали овие лица ќе бидат сооддветно подготвени, а знаеме дека примената на овој член,според последниот член, дека сите пдозаконски акти ќе ги донесе минситерот односно Министерството за транспорт и врски во рок од 6 месеци.

Дали, ако денеска е јули месец, дали во рок од 6 месеци нависитна до Нова Година, кога стапува овој закон на сила, ќе може да се извршат и да се воведе звањето советници за безбедност, онака како што предвидува членот 17?

Имено, сите правни и физички лица кои превезуваат, примаат или предаваат на превоз опасни материи, мораат во рамките на својата организација да имаат советник за безбедност при превоз на опасни материи.

Во членот 17, освен тоа што се укажува на воведување на советници за безбедност за сите рпавни ифизички лица, нормално за спречување на ризивците при превозот, е укажано дкеа советниците за безбедност треба да поседуваат сертификат. Тој сертификат гоиздава Министерството за транспорт ив рски се разбира за сите оние заинтересирани граѓани на Република Македонија кои ќе полагаат односно го положат испитот, а пред тоа имаат спорведено обука.

Меѓутоа, ниту збор не е кажано за Комисијата што треба да ја формира Минситерството, односно министерот за транспорт и врски. Може само да претпоставиме кој се ќе биде член на Комисијата. Се вели дека за член на Комисијата мора да се именува само компетентно лице со работно искусво во областа на превозот наопасни материи. Па ајде, да ја составиме Комисијата исклучиво од возачи, тие се најискусни?!

Значи, ако се каже што треба да поседува една организација пред која што ќе се полагаат овие испити за добивање на тој сертификат, дека треба во својот состав да имаат простор за одржување на обука, информатичка технологија, стручна литература за намена на обуката, минимум 5 лица вработени во редовен работен однос со високо образование, сообраќаан, машински, електро-технички, природно-математички, хемија или физика, технолошки или правни факултет со 5 години најмалку работно искуство од областа на транспортот на опасни материи.

Ве молам, ако тоа треба да го има организацијата за стручно оспособување на кандидатите за советници за безбедност, зошто тогаш предлагачот воопшто ни збор не кажал за луѓето кои што ќе членуваат во комисијата пред која што кандидатите ќе полагаат. Јасно, може само да погодиме, или да претпоставиме, кој се ќе биде член на таа комисија, меѓутоа, се разбира велам, ако членот 17 ја организира и објаснува намерата на предлагачот, се поставува прашање за стручната способност на луѓето кои што ќе членуваат, или испитувачите, поинаку кажано во оваа комисија. Бидејќи нема ниту збор колкав ќе биде бројот на оваа комисија, ни што профил ќе бидат, луѓето кои што ќе членуваат. Ако се земе само искуството, тогаш доволно е да се каже дека тоа можат да бидат и возачите, кои што се најискусни во овој момент. Ценам дека Конвенцијата, особено велам, АДР, па и РИП Конвенцијата во железничкиот сообраќај, е Конвенција, или материјал, документ кој што се надополнува перманентно. Нормално е, замолницата од страна на СДСМ до предлагачот на законот, истата да биде објавена на македонски јазик, заради тоа што во право ќе бидат сите оние граѓани, кои што ќе го постават прашањето, како е можно ниту еден пратеник да не го прочитал законот, или не ја прочитал Конвенцијата, а гласаат за овој закон. Тоа навистина е така.

Почитуван заменик министер,

Република Македонија е потписник на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово складирање. Оваа Конвенција е преведена и објавена во “Службен весник” и ова дава една нова димензија на овој закон за превоз на опасни материи. И да не станеме навистина, параноични, меѓутоа мораме да бидеме свесни за загрозување на човековото здравје и животната средина, предизвикана, се разбира од нестручни и неквалитетни превозници на опасни материи во Република Македонија. Токму затоа, можеби во членот 17 предлагачот, сте предложиле да има советник за безбедност, меѓутоа, ве уверувам дека до Нова Година, тешко дека ќе може да се пропише овој подзаконски акт, а не да почне да се применува и да не се случи, транспортните

организации во Република Македонија, токму во зима ги изненади снегот, како и многу пати досега. Можеби на многумина колеги пратеници, оваа не е интересна материја, меѓутоа би ги потсетил, само кога зборувавме за Законот за железнички превоз или кога го носевме Законот за железнички превоз, тогаш укажавме на неколку работи, за кои што во тој момент се немаше слух. Од донесувањето на Законот, само пребројте ги жртвите во Република Македонија и ќе видите дека овој Закон за кој што денеска ние ќе го дадеме својот глас е многу поважен дури од тој.

Голем број на транспортни организации, на транспортери по донесување на овој закон, ќе сфатат дека се наоѓаат во една независна положба, ќе повторам, токму од причини што 90% од возниот парк не е подготвен за примена на овој закон во Република Македонија, а тие, нормално не можат да бидат информирани од едноставна причина што Конвенцијата, ниту еден државен орган ја нема на македонски јазик. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине заменик министер, имате збор.

**Скендер Палоши:** Јас во интерес на времето ќе бидам сосема краток. Само да дадам некои појаснувања за прашањата кои беа упатени од страна на пратеникот Никола Ќуркчиев.

Првата дилема или прашање беше дели Конвенцијата навистина не е преведена. Точно е дека не е преведена, меѓутоа, се работи за тоа дека Република Македонија со нотификација за сукцесија од 17 ноември 1991 година, ги презеде од СФРЈ меѓународните договори на кои СФРЈ и претходно им пристапила, меѓу кои и Спогодбата на Обединетите нации за меѓународен превоз на опасни материи АДР.

Со одлука за пристапување на Република Македонија кон Европската спогодба за меѓународен превоз на опасни материи по патниот сообраќај, од 1957 година, Владата на Република Македонија донесе одлука за пристапување кон оваа Спогодба и го задолжи Министерството за надворешни работи да изврши нотификација во депозитарот на Спогодбата, "Службен весник" број 894. Преводот на македонски јазик на Спогодбата не е објавен во "Службен весник на РМ". Обврска за нејзино објавување е Министерството за надворешни работи. Составен дел на Спогодбата се и Анекс А и Анекс Б, кои не се објавени во "Службен весник". Материјата која е уредена во овие анекси е од променлив карактер. Токму така како спомна пратеникот и често има измени во текстот на анексите кои се објавуваат на секои две години. Затоа, преземени се активности за преведување на анексите од англиски на македонски јазик. Земајќи ја предвид обемноста на материјалот, кој содржи повеќе од 1260 страници, потребно е повеќе време истиот да биде завршен.

Што се однесува до второто прашање, до втората дилема, за паркот на моторни возила, кои се навистина од постаро производство во Република Македонија, точно е дека доколку возилата се технички исправни и поседуваат уверение, сертификат, можат да вршат превоз на опасни материи, во и надвор од територијата на Република Македонија, дури и ако се од постаро производство.

Согласно Спогодбата и од спогодбите од АДР од 2010 година, возилата кои ќе вршат превоз на опасни материи, ќе треба да исполнуваат повисоки стандарди од досегашните, што подразбира дека сите возила кои нема да ги исполнуваат тие стандарди ќе бидат исклучени од сообраќај. Значи, ова важи од 2010 година.

Што се однесува до последната дилема која беше искажана од почитуваниот пратеник за роковите за изработка на подзаконски акти, ние им даваме рокови од 6 месеци дека ќе се изработат и донесат сите подзаконски акти. Ве уверувам дека сме веќе во тек за изработка на овие подзаконски акти и сите рокови кои сме ги дале ќе бидат почитувани и сите подзаконски акти ќе се донесат на време, во рок од 6 месеци. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Никола Ќуркчиев. Повелете вашите три минути.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер.

Се надевам дека оваа мала реплика ќе биде во интерс на сите граѓани на Република Македонија.

Европската спогодба за Меѓународен патен превоз за опасни стоки АДР од 19 септември 1949 година беше и е онака како што велите вие.

Протоколот со кој се дополнува член 14, став 3 од Европската спогодба е донесен 30.9.1975 година. А одлука за пристапување на Република Македонија кон Европската спогодба за меѓународен превоз на опасни материи во патниот сообраќај значи АДР Конвенцијата, од 1957 година е објавена во "Службен весник" бр. 8/1994 година. Нормално е, сите превозници да го постават утре прашањето, како е можно во целиот овој период наназад, да немаме преводи ние на македонски јазик. Тоа е материја која што велам перманентно, односно на секои 4 месеци од страна на Европската комисија се надополнува. Значи, секој елемент технолошки нов, кој што се применува кај превозниците на опасни материи се вградува во оваа Конвенција. Се надевам и јас ќе гласам за законот, дека транспортерите и вие ќе најдете заеднички јазик, како да го надминете овој проблем. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата. Воедно, ги молам сите пратеници кои не се во салата да влезат во салата зашто ќе пристапиме кон гласање.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60 пратеници, воздржани нема, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за безбедност и здравје при работа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Како што е вообичаено, ќе кажам на почетокот неколку уводни реченици околу законот. Оваа материја што е предмет на овој закон, досега е регулирана со Законот, познат како Закон за заштита при работа и тој закон неколку пати беше изменуван, дополнуван, со цел да се изменат казнените одредби и да се изврши делумно усогласување со Директивата на Европската унија 89/391 од 1989 година.

Меѓутоа, сега се создадоа и созреаја условите ние комплетно овој закон да го усогласиме со спомнатата Директива на Европската унија, бидејќи со нејзиното целосно усогласување се обезбедува еден систем на поголема заштита на работниците кои што работат на работни места кои се потенцијално опасни по нивното здравје. Значи, законот ги регулира мерките што работодавецот мора да ги преземе и работникот што има обврска да ги исполни, за да се обезбеди на таквите работни места поголема сигурност во извршувањето на работите.

Во изготвувањето на овој закон имаат учествувано експерти од Словенија, а во рамките на ТАЕКС програмата. Значи законот е комплетно усогласен со Европската директива и тој предвидува многу обврски од едната и од другата страна кои треба да создадат практично предуслови за едно побезбедно работење на овие работни места кои работодавачот мора да ги утврди, мора да го запознае работникот со условите на работа на овие работни места и други обврски кои сега во оваа прилика јас не би ги кажувал, што се содржани во законот.

За спроведувањето на законот се предлага прв пат сега формирање на еден совет, кој го формира Владата, кој ќе има улога на едно советодавно тело, во врска со спроведувањето на политиката за заштита на работа. Еве накратко толку.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, дозволете ми да кажам неколку збора во врска со овој предложен закон, од една страна да ја афирмирам работата која е направена долго време во изготвувањето и усогласувањето на овој закон и другите закони кои досега постоеја во оваа област. Со овој последен предлог, бидејќи како што сум информиран, овој закон, или ова усогласување траеше подолго од 2 години и мислам дека со една добра работа и добра екипна работа, која го изготви овој закон е постигнато да се сублимира тоа што како пракса и како искуство беше до сега во нашите решенија, но и во согласност со директивите, како што спомна и самиот министер, во однос на нашата потреба за усогласување со ЕУ директивите.

Покрај тоа, како начелна забелешка, ќе ми дозволите да укажам дека би било добро законот да не оди во една фаза. Значи, би била подобра можноста за вклучување на сите фактори кои фактички ги засега овој закон во јавната расправа, со цел да се слушне и нивниот глас, во однос на овој закон.

Иако синдикатите имаат предложено свое мислење и сугестии во врска со овој закон, но и работодавачите зошто да не се вклучат, како што рече министерот, овде се работи за една материја која претендира да уреди една област која до сега беше уредена и исполнувана неколку пати, но секогаш тешко беше да се имплементира истата.

Посебно во периодот на транзиција во истражување или барање на неопходното вработување и во потрага на корка леб која и така малку е плаќана, работодавачот многу малку се грижеше за здравствената состојба на вработените и на овој начин на свесен или несвесен начин, но не и со соодветна загриженост на тие кои се повикани да се грижат за оваа област, говорам за државата, можеше да биде во опасност здравјето на работниците го скратија предвременото пензионирање, ги онеспособија работната сила во Македонија која секако не е диктирана толку многу, морам да кажам, несакајќи да бидам бизарен во оваа насока, ќе кажам дека не е диктирано ова невнимание и оваа штета во однос на здравјето на вработените поради големата понуда на работниците кои на еден начин го имаат запоставено или под сенка ја имаат ставено за поголема здравствена грижа во однос на вработените.

Но, покрај тоа, денеска имаме еден закон кој ни се нуди во две фази да помине, уште еднаш ќе го искажам моето мислење дека би било многу подоро и би бил поквалитетен овој закон до колку законот одеше во две фази, посебно од причина дека се работи за две клучни целни групи, а тоа се Синдикатот, тој што ги штити правата на вработените и работодавачите кои сакале или не со овој закон им се овозможува или им се дава една дополнителна должност која ја имале и до сега, но се надевам дека со овој закон полесно ќе се имплементира истиот.

Ова е резултат на едно усогласување и несоодветно управување на приоритетите од страна на Владата по однос на европската агенда затоа што можеше овие закони или слични закони како овој да бидат приоритет. Овој закон требаше да оди во две фази и без проблеми да расправаме по истиот. Но, од познати причини, и поради приоритетите кои во првата половина од годината немаа никаква врска со европските интеграции, туку беа повеќе декларативни делови на овој ангажман на Владата, денеска сме принудени да ги разгледуваме двете фази на овој закон, како и многу други закони на една пленарна седница.

Тоа што е добро мислам дека ќе служи на уредувањето на оваа област на безбедноста и здравјето при работа на вработените, како што е називот на новиот закон кој се разликува од претходниот закон кој го уредуваше ова прашање, тоа беше Закон за заштита при работа, мислам дека се создаваат структури и елементи во рамките на работните организации кои сами ќе имаат обврска законски и детерминирано да се грижат за здравјето на работниците, ќе имаат внатрешна организација преку советите или одредени лица за оваа цел до секоја организација која има над 20 вработени, тие лица кои се бават со овие прашања, добро е да имаат еден заштитен статус поради нивниот ангажман кој често пати може да дојде во судир со интересите на работодавците и има една димензија на синдикална заштита. Мислам дека овој аспект и сугестиите на Синдикатот треба да се усогласат со активноста на синдикатите, да не дојдат до вкрстени, неусогласени ингеренции, но да биде во интерес на една единствена цел. Добро е како решение што на овој начин е предвидено со овој закон.

Посебно потребата за законска обврска вработените да имаат право од работодавачот да им се обезбеди лекарска контрола во согласност со критериумите за здравство на сите вработени, како што се вели во законот, во рок од една ипол година. Говорам за лекарската контрола.

Но, и покрај тоа мислам дека законот како резултат на фактот дека можеби немаше можност да се расправа на јавна расправа и да добие многубројни мислења од јавноста, мислам дека има недостатоци кои во неможност тие да се искажат на јавна расправа и Министерството само да ги воведе и Владата како поквалитетни решенија, ние се потрудивме заедно со моите колеги да поднесеме неколку амандмани кои, се надевам, од страна на претставникот на Владата ќе се оценат како придонес за подобрување на овој закон и да го направиме што поконзистентен и поприменлив.

Како што гледате самите во предлозите што ги добивте за употребата на јазикот фактички во декларациите за здравјето на работниците тие да бидат и на друг службен јазик, сме го дефинирале на ниво на општина. Ова произлегува не само од уставните одредби, туку и од потребата за објаснување или поправилно да се разбере и појасно да се разбере од страна на работниците на нивните обврски кои произлегуваат од самата декларација која на еден начин е рамка која треба да им гарантира поефективни процедури во однос на нивното здравје. Ценејќи го сето ова од овој аспект е придонес да го оплемениме, збогатиме и подобриме овој закон.

Исто така мислам дека би било поконкретно и подобро примената на членот 21 би била попрактична до колку на систематските контроли кои ќе се остварат од страна на специјализирани институции за трудова медицина кои во Македонија, за жал, се во мал број и нераспределени на целиот простор или низ сите градови. Поврзувајќи ја систематската контрола само со специјалистичките амбуланти и институции кои имаат специјалисти од трудова медицина, би можеле да го оствариме ова право во тие места каде нема специјалисти по трудова медицина и каде треба да се бара ова специјализирање.

Другиот амандман кој можам да го образложам во текот на амандманската расправа, сега сакам да им оставам простор на колегите, но и на претставникот на Владата, на министерот, да има време да го анализира нашиот амандман, бидејќи специјалисти по трудова медицина веќе не е приоритет од Министерството за здравство, се концентрирани во места кои не можат да бидат во служба на оваа цел.

Затоа предлагаме таму каде што нема специјалисти од трудова медицина, за истата работа општата амбуланта да се претвори во специјалистичка, сме оцениле дека овие се поблиски до областа која треба да се покрие за заштита на пациентите.

Ценам дека со прифаќањето на овој амандман од Владата или од Парламентот ќе се создаде поголем простор, поширок, попрактичен, поконкретен за примената на овој закон и очекувам овој амандман кој е со добра цел и во функција на создавање на поодржлива рамка, сме го предложиле истиот амандман.

Исто така во закнот се говори дека секој работодавач кој има над 20 вработени, но во суштина сите работници треба да подлегнат на систематска контрола на секои 18 месеци, до колку не грешам.

Има посебни закони кои оваа материја ја уредуваат на специфичен начин, бидејќи се поспецифични во однос на потребата за поредовни лекарски контроли и со поинаква динамика од оваа што се предлага со овој закон.

Мое мислење е дека тоа треба да остане така како што го предложила Владата, односно Министерството, но до колку не е уредено поинаку со специјален закон кој ја уредува материјата како Законот за здравство и други закони. Можеби има потреба секоја година од лекарска контрола, но посоодветна формулација би била 18 месеци да, но ние ќе додадеме, до колку не е поинаку уредено со конкретен закон.

Мислам дека ова е нешто што ќе го направи поконзистентен и појасен овој закон.

Во делот на советот како орган кој треба да ја следи, согласно членот 44, да ги предвидува и антиципира политиките во оваа област и остварување на одредени политики во областа на врботувањето и заштитата при работа именуван како совет, мислам дека амандманот кој е во функција да има состав во согласност со структурата на населението, мислам дека не само што е во согласност со уставните определби, но ќе направи овој совет да биде поефикасен и да добие информации и на еден начин да биде одговорен при остварувањето на политиките и да создаде една доверлива кредибилитетна средина за идните политики.

Имајќи ги предвид сите овие аспекти и непретендирајќи во овој дел на расправата, се сум кажал за овој закон, бидејќи како што реков би било многу подобро овој закон да оди во две фази каде ќе можат да се консултираат делови од целните групи кои ги засега овој закон, мислам дека од овој аспект го направив тоа што можев да го направам со цел да ја објаснам потребата за исполнување на законот со соодветни амандмани кои кратко ќе ги образложам подоцна. Верувам дека Валдата ќе има сенс и чувство да биде поотворена, потранспарентна за предложените амандмани кои се во функција на подобрување на овој закон, во согласност со тоа ќе го дадеме нашиот став и нашиот однос кон овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Пачемски, повелете имате збор.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Би сакал да го поздравам донесувањето на овој закон затоа што се работи за еден закон кој на насловната страница го имаме повторно знаменцето на Европската унија, закон кој мора да биде во согласност со она законодавство кое е веќе присутно во земјите членки на Европската унија.

Кај нас до сега оваа материја беше уредена со еден закон кој се викаше Закон за заштита при работа. Сега имаме нов закон каде неговиот наслов вели закон за безбедност и здравје при работа.

Од самиот наслов на двата закони можеме да заклучиме дека се работи за еден нов закон кој најмалку за една класа е подобар од постоечкиот кој сега важи кај нас, кој во изминатите 40 години беше во функција и се практикуваше. Сега имаме навистина нов закон, со нови решенија, кои се разликуваат и суштински и практично, па и терминолошки во однос на постоечкиот закон - Закон за заштита при работа.

Самата Директива на Советот на Европа од 1989 година налагаше земјите кои се членки на Европската унија да воведат мерки во своето законодавство кои ќе бидат во функција оваа материја подобро да се разработи односно да се создадат услови кои ќе бидат побезбедни за секој вработен на своето работно место.

Реков од самиот наслов на законите се гледа дека со овој закон се сака да се создаде еден нов момент вработениот на своето работно место да го зачува своето здравје.

По Директивата на Советот на Европа од 1989 година беа донесени низа мерки кои мораше да бидат определени од работодавачите во поодделни фирми кои мерки беа во насока да се создадат подобри услови, побезбедни услови на секое работно место односно услови кои ќе доведат до намалување на ризикот или избегнување на тие ризици кои можат да доведат до појава на нарушено здравје, до појава на инвалидитет кој може да биде траен или времен инвалидитет.

Како и да е крајната цел на овој закон е на крајот од својот работен век секој вработен, после оние 60 години од староста да добиеме човек, поединец или жена, нормално, кој ќе биде здрав, ќе биде витален во своите 60, 62, 64 години, човек кој секако нема да го има она здравје што го имал на 20 години, бидејќи онаа биолошка старост што ги носи сите проблеми, меѓутоа, сакаме да добиеме човек кој во своето малку нарушено здравје не би трпел промени кои се резултат на она што работел на своето работно место, едно, две или три работни места.

Во овој закон за безбедност и здравје при работа има повеќе одредби кои се опфатени и една од тие одредби се обврските кои работодавачот мора да ги исполни во однос на вработените.

Прво и основно секој работодавач во една фирма мора да определи стручно лице, тие можат да бидат едно или две во зависност од големината на фирмата. Овие стручни лица сепак мора да бидат со високо образование кои ќе ги определуваат сите тие мерки што се определени со законот за безбедност и заштита при работа.

Работодавачот има обврска да ги информира вработените за сите оние ризици кои можат да настанат на работното место. Потоа има обврска да ги обучува вработените како да се заштитат, како да го зачуваат своето здравје на тоа работно место. Исто така за секое работно место постои изјава што секој вработен мора да ја знае, да знае од што да се пази и како да се заштити на тоа работно место.

Друга обврска на работодавачот мора да биде создавање на добри микроклиматски услови за работа. Обврска е на работодавачот да создаде добри физички, хемиски и микробиолошки услови на секое работно место. Зошто тоа го велам?

Работодавачот има обврска да создаде добра микро клима на секое работно место за работникот да не би бил изложен на некои ризици кои ќе го нарушат неговото здравје. Ова ќе го потврдам со еден пример. На пример не е исто ако во една фирма, ако се работи за зимно време надвор температурата е под нула степени во таа фирма поради штедењето на работодавачот да

нема парно греење односно загревање и вработените да работат во услови на нула степени и под нула степени. Исто така не е исто во летен период ако надвор температурата е 35-40 степени вработените во таа фирма да работат во такви ненормални услови. Значи, треба да се создадат посебни микроклиматски услови за секое работно место.

Обврска на работодавачот е да склучи договор со овластена здравствена установа која има надлежност и која ќе има обврска да се грижи за здравјето на тие вработени во таа фирма. Притоа мора да бидат запазени сите оние услови вработените да бидат со своја лична заштитна опрема, мора да бидат обучени односно едуцирани како да си укажат прва помош при евентуална несреќа на тоа работно место, потоа таа здравствена установа мора да се грижи и за самото здравје на вработените односно да има една евиденција односно хронологија преку превентивни систематски прегледи кои би се обавувале најмалку на една ипол година и да се води список, една евиденција за секој поединец, за секој вработен дали, после таа година ипол или две години кај тој вработен доаѓа до нарушување на неговото здравје поради условите што владеат на тоа работно место во поглед на бучавата и сл.

Има многу случаи кога имаме фирми, кои поради звукот на машините имаме огромна бучава и таа бучава предизвикува намалување на слухот на врботените. Така што одвреме навреме овој слух кај вработените ќе биде оштетен, ќе биде намален и во времето кога тие ќе одат во пензија, ќе имаат за 50% редуциран слух. За да може тоа да се спречи, обврска е вработените работнци тоа навреме да го детектираат, навреме да го сигнализираат и да кажат дека на ова работно место постои штетна ноксија при што бучавата треба или да се намали или пак работникот да се упати на друго работно место. Значи, тие професионални болести, се болести кои што се добиваат поради условите кои што владеат на тоа работно место. Кога вработениот не би бил на тоа работно место, тој не би добил таква болест, значи не би ја добил таа професионална болест.

Затоа, целта на овој закон е да ги спречи и да ги открие на време сите оние штетни ноксии кои што можат да доведат до нарушување на неговото здравје.

Овој закон не само што дава обврска на работодавачите, туку дава обврска и на вработените како тие да се однесуваат на секое работно место. Имено, секој вработен мора да знае како да управува со соодветните машини, со соодветните средства за работа, како да ја користи својата лична заштитна опрема, за да не дојде до некое нарушување на неговото здравје. Исто така, вработениот има обврска да го чува своето здравје на работното место, меѓутоа, да го чува и да се грижи за здравјето на останатите колеги кои се во близина на неговото работно место. Вработениот има права да биде и обучуван и да биде информиран за секоја штетна нокса на тоа работно место. Во едно, тие права кој што ги има вработениот е и тоа тој да има право да одбие некое работно место, доколку на тоа работно место тој оцени дека тука има некој фактор кој што ќе го наруши неговото здравје. Тоа е во склад со неговото право. Постојат и опасни работни места, кои што не можат да ги работат сите луѓе. На пример, тоа се работни места кои што се изложени на високи температури, работни места кои што се длабоко под земјата, работни места кои што се на огромни височини, работни места кои се изложени на разни вибрации, на разни бучави, така што секој работник не би можел да работи на тие работни места односно се прави селекција на тие вработени преку овластените здравствени установи кои би можеле да работат на тие работни места со зголемен ризик.

И на крајот би сакал да завршам со она поглавје што се однесува на надзорот на овој закон, а тоа е трудовите инспектори имаат веќе обврска да влегуваат во тие фирми, во тие претпријатија и да се грижат за условите кои што владеат на секое работно место, односно обврската на тие трудови инспектори не е само сега да прават контрола дали некој е легално вработен или е невработен, дали има одобрение или нема одобрение, туку навистина сега да се грижи и за условите, кои што мора да ги исполнува работодавачот, за да едно работно место биде безбедно за работа. Еве, толку јас би имал во однос на овој закон кој што би го поддржал. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Само накратко со неколку збора поддршка да го поддржам изработувањето на овој толку важен закон од корпусот закони од поглавјето 19 од европската директива, па поглавјето насловено со социјална политика и вработувње.

Законот што треба денес да го донесеме во најголем дел е усогласен со директивата на Советот на Европа од 12 јуни 1989 година, за воведување на мерки за поттикнување на подобрувањето во однос на безбедноста и здравјето на работниците.

Еден голем дел од критиките во извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2006 година, токму беше од овој домен од корпусот на закони на социјална политика и вработување, а денес еден дел од тој корпус закони го имаме насловено како Закон за безбедност и здравје при работа. Вестите кои секојдневно ги слушаме за несреќни случаи на работа, не можат да остават никого рамнодушен. Ако се потсетиме само на овие последните, како онаа неодамнешната за работникот на гранит кого го поклопи карпа при пробивањето на патот до хидроцентралата Св.Петка. Или, загинувањето на еден работник во Делчево кој загинал на лице место менувајќи вентилација во еден објект,

паднал од скеле и по!инал веднаш. Потоа вести за еден механичар кој поправајќи расипан камион бил поклопен од метален капак или бизарната вест за еден вулканизер кој бил разнесен од тракторска гума додека ја пумпал. Огромната гума не била ставена во метален кафес според прописите, а при експлозијата уште едно лице што било во близина починало заради оваа немарност и небезбедност на работното место. Или, секојдневните вести дека огромен број жени кои работат во текстилните погони во Гевгелија, Штип или Битола, овие денови се изложени на неподносливите пеколни температури во погоните без вентилација и клима уреди, дехидрираат и се онесвестуваат од машините за шиење. Несреќите на работните места стануваат секојдневна појава и инспекторите и претставниците од здружението за заштита при работа се согласуваат дека работниците немаат добри услови за работа и секојдневно се изложени на ризици по своето здравје. Според европската агенција за безбедност и здравје при работа со седиште во Билбао Шпанија годишно во светот страдаат преку две милиони работници на своите работни места, а преку 260 илјади работници доживуваат некаква незгода на работното место. Според информациите на оваа реномирана институција, еден огромен процент професионални заболувања воопшто и не се пријавуваат, заради страв на вработените да не останат без работа. Додека во развиените земји и стресот стекнат на работно место го обврзува работодавачот да преземе серозни мерки за подобрување на психолошката кондиција на работникот во неразвиените земји сериозно болните луѓе се принудени да седат покрај машина, за да ја зачуваат каква-таква егзистенција. Највредна работа во земјите со висок степен на невработеност е да се најде работа. Најчесто таа работа и не се бира. Во таква ситуација на пазарот на ефтина работна сила, работодавците поминуваат како по тапан, толерирани , често и стимулирани по секоја цена да го прошират бизнисот и да амортизираат од високиот социјален навој невработени, многу често со благослов на сите надлежни институции за заштита на безбедноста и здравјето на вработените. Таквата неповолна состојба за работниците мора конечно да се промени.

Законот што денес го носиме е токму во таа насока, во насока на подигање на свеста, но и вистинските одговорности во процесот на работа. Акцентот што новата законска регулатива го носи е на план на превенција и претходна организираност и информираност за сите аспекти на безбедноста и здравствената заштита на работното место. Новиот закон динамизира цел, метод и обврски и поделени одговорности, кои што треба да воспостават сигурен ред во почитувањето на здравјето на работникот, но и треба да разбијат цела гама од вообичаени правила на премолчување и несогледување на небезбедните услови за работа, кои во бирократизираниот триаголник, работодавач, синдикат и инспектор за труд наоѓа идеално поле за дејствување на идеална штета на работникот.

Новиот закон за безбедност и здравје при работа е работен во најголем дел по теркот на словенечкиот модел за заштита на безбедноста и здравјето на работниците, носи одредени новини кои пред се треба еда бидат и гаранција за вистинска спроведливост на оваа материја. Тоа е нормално, со оглед на тоа што словенечкиот закон е донесен уште во јули 1989 година, 1999 година, а меѓувреме многу нешта на план на заштита при работа се во прилична мерка изменети и подобрени.

Нашиот закон во член 3 ја воведува категоријата претставник на вработените за безбедност и здравје при работа и го дефинира како лице избрано од страна на вработените да ги застапува нивните интереси во поглед на безбедноста и здравје при работа пред работодавачот. Во истиот член дефинирани се уште неколку нови категории, кои што овој закон ги носи, а тоа се превентивните мерки кои се преземаат или кои се планираат на сите нивоа на работа кај работодавачот. Категоријата ризик истиот член ја дефинира како веројатност за настанување на повреди, заболувања или оштетувања на здравјето на вработениот како резултат на опасност при работа, а новитет е и категоријата изјава за безбедност кој претставува документ кој ги опишува карактеристиките на работниот процес и содржи идентификација на опасностите и проценка на ризикот за безбедноста и здравјето на работното место.

Во член 6 од Законот, предлагачот предвидува дека обврските и работата на безбедноста и здравјето при работа, работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работни обврски, самостојно да ги извршува. Некои закони, како хрватскиот и српскиот предвидуваат уште едно тело, одбор или совет, а во повеќе земји тоа се вика комитет, за контрола на безбедноста и здравјето при работа, за секој работодавач кој вработува повеќе од одредена квота на работници. Најчесто тоа е дефинирано со над 50 вработени лица.

Членот 11 ја дефинира новата обврска за работодавачите според овој закон, а тоа е изјавата за безбедност. Работодавачот е должен со колективен договор да го обезбеди остварувањето на правото на вработените непосредно или преку свој претставник да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа. Анализирајќи ја состојбата со останатите законодавства што ја регулираат оваа материја можеме да констатираме дека овој закон е само почеток во една динамична и прилично диверзиртицирана област од бројни закони и прописи кои ќе произлезат од овој закон. Има одредби во другите законодавства, за кои предлагачот може во изготвувањето на регулативата за специјализираните закони од

оваа материја да размисли и да ги вгради во нашот законски текст. Бугарскиот закон за безбедност и заштита донесен на 18 мај о.г., покрај сродните одредби со нашиот закон, има и специфични за кои вреди да се размисли. Бугарскиот закон најнапред нагласува дека одредбите од овој закон важат за секој бугарски работодавач кој развива бизнис и надвор од Република Бугарија, освен националнот совет законодавецот предвидува и регионални совети за безбедност и здравје при работа, кои се конституирани по реони, според одредбите на законите за регионален развој. Специфика на бугарскиот закон е и одредбата за основање фонд за услови при работа кој кредитира буџетски средства, акумулира средства од државните осигурителн компании и помага во развојот на превенцијата од оваа област. Колку за споредба ќе наведам само одредени одредби од неодамна донесениот хрватски закон за безбеност и здравје при работа, кој посебен акцент дава на сегментот на вработувањата, кој е тренд и иднина во процесите на вработување, а тоа е работењето од дома. За таквите лица обврските на работодавачот се потполно исти како и за вработените кои работат во објектите на работодавачот. Секој работодавач кој вработува преку 50 вработени должен е да вработи и стручно лице одговорно за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа.хрватскиот, како и словеначкиот закон акцент ставаат ергономскиот и воопшто полистичкиот пристап на здравјето на работниците, третирајќи и проблеми на вработување и заштита и на луѓе со одредени физички и психички пречки во развојот, за кои неизоставно ќе треба да разговараме и ние во некоја наредна прилика.

Инаку, европската агенција за безбедност и здравје при работа секоја година организира по една кампања за одбележување на вистинските состојби со заштитата на здравјето при работа. Оваа 2007 година одбележана со кампања за коскено мускуларните заболувања на работа, со констатација дека 22% од вработените во ЕУ, имаат мускуларни, а дури 28% коскени проблеми, а најчести проблеми се со колковите и 'рбетот. Овој процес на заболување е најголем во градежништвото, текстилната индустрија, малопродажбата, здравството и угостителството. Врв на кампањата ќе биде од 22 до 28 октомври и ќе биде насловен како Недела за безбедност и здравје при работа. Земјите на ЕУ го одбележуваат и 28 април кој е определен како ден за безбедноста и здравјето при работа.

Во целина сметам дека Предлог законот што ни го предлага Министерството за труд и социјална политика е добар, опсежен и отпорен за третирање на широката лепеза проблеми во доменот на безбедностите и здравјето при работа и од тие причини го поддржувам и ќе гласам за него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за безведност и здравје при работа.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не се во салата да влезат во салата, да ги заземат своите места, зашто пристапуваме кон гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласањето е валидно.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

Гласањето не е валидно.

Присутни се само 59 пратенци.

Ги молам пратениците кои сеуште не ги зазеле своите места да ги заземат своите места во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 59, воздржано 3, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворм претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 11 став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд исоцијална политика поднесе амандман на член 22, со кој се согласил претставникот на Владата и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Азис Положани, Ајше Селмани и Селвије Салију поднесоа амандмани на член 11 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 21 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 22 став 1 и на член 44 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Праеникот Јован Манасијевски поднесе амандман за додавање нова точка 5-а со нов наслов и нов член 35-а по членот 35, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џевад Адеми и Тахир Хани поднесоа амандман на член 44 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 4 по ставот 3,поднесен од Азис Положани, Ајше Селмани и Селвије Салију.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа, но ако се согласат предлагачите наместо “подготвува” да стои “изготвува”, затоа што секаде во текстот стои “изготвува”. И наместо “на ниво на општина”, да стои “на подрачјето на општина”. Со тие две технички подобрувања амандманот се прифаќа.

**Азис Положани:** Тоа е само јазично подобрување и нема зошто да не го прифатам.

**Љубиша Георгиевски:** Во ред. Тогаш, овој змандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Азис Положани, Ајше Селмани и Селвије Салију.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа. Би сакал со две реченици да образложам зошто не се прифаќа амандманот.

Почитуванио прратеник зборуваше по повод Предлогот на законот за вршењето на систематски прегледи од страна на општи лекари, или лекари по интерна медицина до колку нема Медицина на трудот. Меѓутоа, ние од она што го имаме како податок во Република Македонија после 30 специјалистички ординации на Медицина на трудот, 6 служби кои што се распоредени во поголемите градови и еден Институт. Значи, вкупно во Република Македонија има 128 специјалисти по медицина на трудот. И сметаме дека оваа специјалност е најквалификувана да ги врши систематските прегледи на работниците, затоа што таа најдобро ја знае здравствената состојба на работникот како одговара на условите на работното место. Бидјеки систематскиот преглед може да се врши и од лекари специјалисти по медицина на трудот кои можат од едно да отидат во друго место, се пополнува празнината ако во некое помало место нема медицина на трудот, сепак да може да се обезбеди таков кадар, таква специјалност за да може да го изврши систематскиот преглед. Затоа остануваме дека медицината на трудот треба да биде таа која ќе ги врши систематските прегледи. Од тие причини не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Го слушнавме образложението со кое Владата го одбива овој амандман.

Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Јас сум свесен за аргументите што господинот министер ги истакна, затоа што тие како такви постојат нормално. Не им е целта, всушност на предлагачите не им е целта да омаловажат, или избегнат можност за таа специјализација биде повеќе употребена на некој начин и надлежна за реализација на овие редовни прегледи, туку аргумент е исто така кој што треба да се почитува. И затоа се обраќам до пратениците да размислат во овој правец, имајки предвид сепак некои реалности во Република Македонија и тоа дека медицина на трудот точно е дека во главните градови и во некои места ги има. И затоа ние не предлагаме со амандман да се избрише тоа за предимствено право, или предност каде што тие ги имаат, тие да ја извршат оваа работа. Но исто така, точно е дека во многу места ги нема овие специјалистички ординации, или лекари по медицина на трудот. При такви состојби би можело, или вработените или работодавачот да се доведе во состојба да плати повеќе средства за патување на вработените до институцијата каде тоа го има и на некој начин да се доведе во состојба да ги зголеми трошоците за нешто што може сосема комотно да ги направи во ординација на општа медицина, а тие се воглавно специјалистички ординации и интерна медицина кои што стручно ја покриваат материјата која воглавно ги тангира овие вработени. А, со тоа ако има специфични работи, ушниот, очниот лекар и т.н., тоа секогаш се упатува и во специјалистички ординации кои што можат тоа да го нарпават.

Од друга страна сега имаме тренд во специјализациите во Македонија, не само структурата на овие доктори да кажам сега е постара, да кажам во мои години, туку да кажам и од моја генерација, па и понапред од мене. Министерството за здравство имајќи ја предвид оваа состојба и моментално нема специјализации, или стопирана е специјализација по медицина на трудот. Така што без прифаќање на овој амандман може да се дојде многу брзо во состојба, или да го смениме Законот, или да ги зголемуваме трошоците за реализацијата на оваа обврска за работодавачите на места каде што постојат такви специјализации. Мислам дека не му штети на законот, дека го комплетира, дека го прави пофлексибилен за таквите состојби. Уште еднаш нагалсувам, не му одземаме право со амандманот на тоа што Министерството предлага, туку го дополнуваме само во случај кога нема такви специјалисти, или специјалистички ординации да има можност истата работа да се заврши и во амбиент на општа медицина, или интерна медицина за да нависитна бидеме поефективни, поконкретни и попрактични.

Има уште еден друг аргумент дека кога општа медицина би го направила редовниот преглед, нормално дека лекар кој што го познава пациентот, во овој случај и работникот, може да донесе посоодветни заклучоци за здравјето на вработениот, ако се работи за некоја патологија, ако е се во ред, нема некој проблем. Затоа барам од пратениците со оваа аргументација која што е добронамерна и во функција на пофлексибилни односи неземајќи го правото на тоа што има предложено министерот, да се подржи и законот навистина да биде подобар.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе. Би сакал да дадам свој коментар во врска со овој амандман. Извесно е дека овој амандман нема да биде прифатен, меѓутоа мислам дека сепак треба подобро да мислиме за оваа идеа, за овој предлог, затоа што не е спорно дека во оние места, во оние општини каде има специјалисти по трудова медицина, дека тие ќе ги обавуваат овие систематски прегледи на вработените. Меѓутоа, ќе дојдеме во ситуација во некои места, во некои општини немаме такви специјалисти. Зошто нема да имаме такви? Затоа што во согласност со реформите во здравствената заштита бројот на лекари кои што специјализираат од оваа област ќе биде се помал и помал. Зошто ќе биде помал? Затоа што според постојниот Закон за здравствена заштита и оние лекари што се специјалисти по трудова медицина и оние што се општи лекари имаат еднакви права, односно имаат еднаква заработувачка во однос на бројот на пациентите. Значи специјалноста за трудова медицина не е некој предизвик за некои лекари за да бидат тие мотивирани да одат на специјализација. Тоа е едниот факт. А другиот е што сите тие специјалисти ќе бидат веќе во приватна режија на лекарите. И затоа во иднина ние ќе дојдеме во ситуација да имаме установи каде што ќе немаме специјалисти по трудова медицина. Затоа мислам дека во таквите места каде што немаме такви специјалисти не е спорно дека тие прегледи можат да ги обавуваат општи лекари, или пак лекари интернисти. Затоа што многу е битно да знаеме дека медицината која што денеска е во една завидна, напредната фаза. Не можеме сега, тоа што кажа министерот за труд и социјална политика, ако во некое место немаме специјалисти по трудова медицина, тој ќе дојде од друго место во самата фирма со една медицинска сестра и со еден стетоскоп да изврши систематски прегледи на тие вработени. Значи тоа не е поентата. Тие прегледи треба да бидат навистина стручно изведени, да бидат во соодветни лабаратории, да има пирометри и да има низа апаратури кои би биле во интерес на самите пациенти. Затоа мислам дека овој амандман би требало да го прифатиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници за да можеме да поминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присутво на доволен број пратеници за гласање, гласале 60 пратеници, за гласале 22, воздржани нема, против 38.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Ајше Селмани и Селвије Салију.

Отворм претрес по амандманот на член 22 став 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Ајше Селмани и Селвије Салију.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Значи, со членот 22 од овој закон се предлага систематскиот преглед да се врши најмалку еднаш во 18 месеци, значи во една ипол година. Амандманот вели: ако со друг закон не е уредено поинаку. Значи, може и во друг некој период, во друг временски интервал до колку со друг закон е поинаку уредено. Но, ние велиме, ова е системски закон токму за оваа работа и ќе се применува овој закон. Затоа не се прифаќа амандманот заради тоа што ова е системски закон и тој го уредува прашањето на колку време може најмалку еднаш да се врши систематски преглед. Може да се случи на некое место да има на помал период, но тоа го опфаќа периодот од 18 месеци, а доколку е повеќе од 18 месеци, тогаш ова е системски закон и треба да се применува оваа одредба.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Мислам дека амандманот што се предлага посоодветно ќе ја уредува оваа материја и ќе биде попрактичен. Имано, ако има многу закони кои што во себе ја уредуваат и потребата за систематски прегледи и т.н., посебно кај овие административните работници, здравство, образование и т.н. Со овој амандман се избегнува менувањето на другите закони кои што веќе постојат и нивните решенија по однос на систематските прегледи. Ако е точно тоа што министерот го рече, дека овој е еден рамковен закон врз кој што треба да се рамнат сега сите други закони. Мислам дека не е системски закон. Да беше системски, ние ќе го носевме со двотретинско мнозинство, туку очигледно ја нема таа тежина. Е закон кој што ги уредува општите елементи на работните односи во однос на здравствена заштита,но не е системски закон и по тој основ мислам дека, иако не сум правник, тешко би можело да се извлече заклучок дека сега сите треба да се рамнат по овој. Овој не е двотретински системски закон. Овој е основен закон, а не е системски.

Второ, кога би било така, дека треба да се менуваат сите други закони и да се рамнат по овој, тогаш прво треба да се почне со законите за основно и средно образование каде што имаме на две години. Тоа се некои нови решенија, на две години систематски прегледи. Јас не ги знам другите, но има некои на 6 месеци, или на година дена што се вклучени, или можат да бидат вклучени во ова решение, да се вели: до година ипол, а и за тие што се изнад тоа, значи веднаш да почне постапка за нивна измена. Со амандманот јас мислам дека треба да остане решението на две години, или на 18 месеци, не

знам кои би биле решенијата. И не треба да се пристапи кон менување на сите овие закони заради плус, или минус 3 месеци. Затоа велам дека практично, или каде што не е уредено да биде според овој закон. Но кај тие што имаат потреба побрзо, или почести систематски прегледи, или можеби поретки каде што се претпоставува според спецификата на работата дека популацијата е по здрава и веројатно заради заштеди се оди на две години, да не се менуваат. И затоа јас со оваа аргументација повикувам, ако има и министерот можеби ако се убеди со аргументацијата дека треба вака, нека реагира, ако не, Парламентот мислам дека треба да се изјасни за ова решение поради практична причина да не се пристапува кон менување на други закони и на тие кои што месец, два, или три би ги надминале тие решенија. Ќе ви кажам веднаш дека Министерството за образование во нивниот закон за основно и средно образование има секои две години. Можеби е подобро да се врати пак на една година што би изискувало повеќе финансиски средства. Но, затоа нека се остави малку и простор и за другите дејности, врз основа на нивните потреби и специфики, на специфичен начин во нивните закони да ја уредат оваа материја, затоа што не е многу надвор од сегашното решение што се предлага.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе пријавениз а збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да ги пребројат пратениците во моментот на гласањето.

Во присуство на довоелн број на пратеници гласале 60 пратеници, за гласале 12, воздржано 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот за додавање нова точка 5-а со нов наслов и нов член 35-а по членот 35, поднесенод пратеникот Јован Манасијевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Љупче Мешков, министер за теруд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа заради тоа што интенцијата на овој закон е да се преземаат мерки на превенција, да не дојде до нарушување на здравјето, професионално заболување и несреќа на работа. Не е интенцијата на овој закон да го принудува работодавачот да ги осигурува вработените во осигурителни куќи. Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници, гласале 60 пратеници, за гласале 9, воздржани 4, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Ајше Селмани и Селвије Салиу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот Љупче Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа, само зборовите "води сметка", да се заменат со зборовите "има предвид". Значи Советот треба да го има предвид начелото на правична и соодветна застапеност. Значи место зборовите "води сметка" да стојат зборовите "има предвид начелото".

**Љубиша Георгиевски:** Во тој случај текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џеват Адими и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот Љупче Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Бидејќи станува збор за скоро слични амандмани со веќе прифатениот амандман од страна на предлагачот, овој амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 61, воздржан 1, против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за безбедност и здравје при работа.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните

тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Џелил Бајрами повелете.

**Џелил Бајрами:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Како главни причини поради кои се пристапи кон изработка на измени и дополнувања на законот за квалитетот за амбиентниот воздух се вбројуваат следните: потребата од усогласување на казнените одредби од законот, со новиот Закон за прекршоци, како и уставните амандмани од 20 до 30, подобрување и проширување на правните основи за донесување на подзаконските акти како и доусогласување со правото на Европската унија, што како обврска произлегува од промената на одделни директиви на Европската унија.

Донесување на Законот за измени и дополнувања на законот за квалитет на амбиентниот воздух е предвидено во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и има за цел да овозможи реализирање на една од главните приоритети содржани во европското партнерство што се однесува на навремено и целосно спроведување на стратегијата и Акцискиот план за реформа на правосудниот систем и намалување на заостанатите предмети во судовите. Во овој дел се направени измени и во висината на глобите каде истите се зголемени од причина што едно од основните начела на животната средина е начелото за превенција односно преземање на мерки и активности за заштита на животната средина, пред да дојде до штетните последици. Висината на глобите се движи од 150 евра за физички лица до 20 илјади евра за правни лица. Другите измени се во насока на подобрување на правните основи за донесувње на подзаконските акти како и доусогласување со правото на Европската унија, што како обврска произлегува од промената на одделни директиви. Во таа смисла во тексто на законот, покрај граничните вредности за поединечни загадувачни супстанци, воведени се и цели и вредности за други загадувачи и супстанци што до сега во Законот ги немаше дадено граничните вредности согласно директивите 2002/2003/2004 година. Потоа даден е основ за поставување на праг на информации на населението, согласно директивите 2002/2003, што всушност претставува право на зголемување на целите и вредностите на загадувачните супстанци.

Исто така дадено е појаснување на одделни членови и дефиниции од законот, со цел да се постигне усогласување на законот со европските директиви. Се утврдува мерењето на загадувањето на амбиентниот воздух што се врши во урбани индустриски подрачја кои се наоѓаат непосредно до главните патишта, рурални подрачја итн. За определување на критериумите се додаваат зборовите “мерни места на сите видови загадување”, што ќе претставува основа за подготовка на подзаконските акти. Се дава правен основ за пропишување на количините на горните граници, плафоните на емисиите и загадувачките супстанци, со цел потврдување на проекти за одреден временски период што се однесува на намалувањето на количините на мисиите од загадувачките супстанци на годишно ниво, согласно барањата на директивите 2001/81.

Исто така се прецизира дека Министерството за животна средина и просторно планирање е одговорно за инвентиризација на националното ниво на годишните мисии од сите загадувачки супстанци согласно меѓународните конвенции и договори од оваа област.

Врз основа на горе наведеното, верувам дека ќе добиеме целосна поддршка на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Измените и дополнувањата на Законот за амбиентален воздух пред се се однесува на казнените одредби.

Инаку за потсетување е дека овој закон е донесен во 2004 година и неговата имплементација и во однос на мориторингот и во однос на казнените одредби се покажа како добар закон и ние како пратеничка група на СДСМ ќе дадеме поддршка на измените и дополнувањата на законот за амбиенталниот воздух, за квалитетот на амбиенталниот воздух, се со цел да имаме едно приближување до законодавството на Европската унија и приближување до европските директиви што беа спомнати и од страна на министерот, кои беа спомнати и во причините за донесување на овој закон.

Инаку за целосно имплементирање на овој закон свесни сме дека ќе треба да се донесат и многу подзаконски акти, меѓутоа добро е што и овие усогласувања со европските директиви се во правец на приближување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници за време на гласањето.

Гласањето не е валидно.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, бидејќи ќе прегласуваме.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници гласале 57, сите 57 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници гласале 54, сите 54 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници гласале 55, сите 55 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух.

**Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за животна средина, господинот Џелил Бајрами, повелете.

**Џелил Бајрами:** Благодарам претседателе.

Потребите од измени и дополнувања на Законот за управување со отпад кој беше донесен во октомври 2004 година, првенствено произлегува од потребата за усогласување со Законот за прекршоци, како и доусогласување со правото на Европската унија за поодделни области во управување со отпад.

Измените се однесуваат и на подобрување и проширување на правните основи во Законот кој ги регулира постапките во врска со управување со посебни видови на отпад, како и создавање на правна основа за донесување на подзаконските акти со кои подетално ќе се регулираат основните одредби во законот, имајќи ги предвид како националните така и локалните услови.

Со измените на членот 20 се дава можност да се изготват посебни плански документи на национално ниво, за управување, особено со посебните видови на отпад, како на пример пакување и отпакување на отпад, електрична и електронска опрема, употребувани возила и други видови на производи кои по нивна употреба, како отпад претставуваат големо оптоварување на животната средина.

Во измените на членот 21, наместо досегашното решение, количината да биде утврдена во планот за управување со отпад, се пристапува кон воведување на законска обврска, правните лица кои создаваат 200 кг. опасен отпад или 150 тони неопасен отпад, се должни да изработат програма за управување со отпад.

Во членот 71-А и во членот 71-Б се проширува предметот за утврдување на овој закон, се транспонираат директивите 2002/95 на Европскиот парламент и на Советот на Европската унија. Оваа директива има за цел ограничување на употребата на опасни супстанци во електрична и електронска опрема.

Во системот за издавање на дозволи се воведува дозвола за трговија со отпад. Имено целта на оваа измена е да се направи разграничување на управување со отпад на трговски субјекти кои стопанисуваат со неопасен отпад односно кои не вршат услуга од јавен интеред и нивно изземање по добивање на дозвола за управување со отпад како јавна услуга.

Исто така со оваа измена ќе се легализира односно евидентира работата на индивидуални собирачи, физички лица кои собираат неопасен отпад во помали количини.

Со измените се настојува да се надмине сегашната ситуација на неконтролирано собирање на отпадоци од метални производи, при што многу често металните производи се стекнуваат преку кражба на производи што се од општ интерес.

Многу често металните производи се стекнуваат преку кражба на производи што се од општ интерес.

Во делот на надзорот врз основа на барање на општините е додадено овластување на комуналните инспектори на општините да имаат право да вршат инспекциски надзор и изрекување прекршочни санкции за неконтролирање, исфрлување, напуштање, или неконтинуирано отстранување на отпад од страна на физички и правни лица.

Воедно, согласно практиката на Европската унија надлежни за изрекување на прекршочни санкции и за неконгролирано фрлање на отпад ќе бидт вработените во органите за внатрешни работи.

Во измените и дополнувањата на Законот за прекршочни санкции се врши усогласување со Законот за прекшоци што е согласно приоритетите на Република Македонија содржани во европското партнерство, што се однесуваат на навременото и целосно спроведување на стратегијата и акцискиот план со реформа на правосудниот систем и намалување на заостанатите предмети во судовите.

Во членот 142-а се воведува прекршоци за физички лица за исфрлање на ...

Благодарам, тоа е многу важно.

(Дофрлување на накои пратеници од место).

Е да се делува превентивно врз граѓаните со цел да не се исфрла отпад на улица, покрај реките, патиштата и тн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За збор се јави господинот Никола Ќуркчиев, повелете имате збор.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се јавам подоцна за збор, јас имам на почетокот на расправата по овој закон една замолница до предлагачот.

Најнапред почитувани колеги, почитуван министер би сакал на почетокот на расправата да дадам еден предлог.

Дали е можно пред да почнеме да расправаме по овој закон министерот да се изјасни дали сеуште важи во Република Македонија наредбата број 02-3261/1 од 29.05.2007 година објавена во “Службен весник број 65/2007 година” донесена врз основа на член 21 од Законот за животна средина.

Министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со Министерството за здравство, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за економија донел наредба со која што се забранува на внатрешен промет со откуп и извоз на отпадоци и остатоци на производи од железо, челик, алуминиум, бакар, олово, цинк, калај, бронза и месинг.

Во Република Македонија има повеќе од 160 регистрирани фирми кои што се бават со оваа дејност или повеќе од 40 илјади граѓани живеат од оваа дејност. Има повеќе елементи за тоа зошто е донесена оваа несреќна одлука и зошто Владата навистина покажа голема немоќ особено жал ми е што тоа го направи Министерството за животна средина и својата немоќ нормално ја покрија со една ваква, би рекол, многу лоша наредба.

Почитуван министер, голем дел на законот почива, почива токму или се однесува на членови ки што се косат со оваа наредба. Нема никаква логика ние да расправаме во Парламентот и носиме закн кој што однапред вие сте рекле дека не важи, или сте го суспендирале.

Имено, ако ми дозволите само неколку елементи да кажам, се надевам дека ќе успеам пред паузата.

Сите во Република Македонија знаат дека практиките за депонирање на отпадот не се во согласност со било какви технички или еколошки стандарди. Најголем дел од постоечките, на крајот на краиштата општински депонии треба да бидат затворени бидејќи условите на самата локација не дозволуваат повеќе нивно подобрување или нивна реорганизација.

Од друга страна знам дека законот за управување со отпад е поврзан со други закони. Дел од нив се законот за организација на органите на државата, на државната администрација, Закнот за локална самоуправа, Законот за јавни претпријатија, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за инвестициони градби, Законот за концеси и Законот за јавни набавки.

Ова особено се однесува на Законот за животна средина кој ги вклучува во себе основните прашања како што е издавањето на дозволи и процедури за проценитe и влијанијата врз животната средина.

Почитуван министер, мислам дека наредбата треба да се симне па после тоа да се дискутира за Предлогот на законот за отпад, со Предлог на закон и ова треба да се направи од повеќе причини, а дозволет ми да споменам само неколку.

Прво, наредбата не е во согласност со начелото на слобода на пазарот и претприемаштвото определени во член 55 од Уставот на Република Македонија.

Наредбата се повикува исклучиво само на две причини и тоа да се запази јавниот интерес во управувањето со отпад и заштита на животната средина.

Втората причина е да се постигнат стандардите поврзани со управувањето со отпад што треба да ги исполнат правните и физичките лица за собирање, складирање, преработка и транспортирање на отпадот согласно Законот за управување со отпад.

Што е спорно овде?

Јавниот интерес свесни сме сите дека апсолутно е неспорен.

Во однос на ставот 6 од точката 2 правните и физичките лица кои се бават со оваа проблематика се ставени навистина во една многу незавидна состојба.

Дури сега треба да се разгледува Предлог на закон за измени и дополнувања на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон.

Според правилниците за собирање транспорт и комунален отпад и друг неопасен отпад за складирање, третман и преработка на отпад, кој што овие правилници, значи зборувам за подзаконски акти на постоечкиот закон и составен дел на Предлогот на законот за изменување и дополнување кој треба да биде во важност од 01.01.2008 година, ве молам Правилникот за складирање, а тоа значи дозволата за дејност за да се измени во Службен весни, знаете за што зборувам, можеби голем дел пратеници не знаат, меѓутоа голем број на правни и физички лица ја следат оваа седница и во овој момент го чекаат вашиот конечен збор.

Овој Правилник вие сте го донеле на 16 февруари 2007 година. Истиот Правилник го симнувате на 11 јуни 2007 година. Ве молам, Правилникот за складирање, а тоа значи дозвола за дејност ја менувате со измена во “Службен весник 76 од

18.06. оваа година” иако тој требаше да стапи на сила на 19 и ценам дека во ваквите постапки правните субјекти се ставени повторно во ситуација да не можат да функционираат од едноставна причина што со донесување на забраната не се дава период на усогласување, кој период би бил потребен за обезбедување на потребните документи за аплицирање за дозволи, иако нормално, иако не е се разбира никаде не е напишан, или не е наведен рокот за добивање на дозволи.

Почитуван министер да се аплицира за дозвола според правилниците што сте ги донеле треба да се обезбедат следните документи.

Прво, дозвола за собирање и транспорт; регистар за упис во Трговскиот регистар со сите прилози, значи од образец 1 до образец7; статут односно изјава на барателот; доказ за правото на сопственост или право на користење врз основните средства со што се врши дејноста; потврда за бонитет на барателот издадена д Централниот регистар на Република Македонија; Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки пропишани со закон; потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација; финансиски извештаи изготвени согласно меѓународните сметководствени стандарди за последните три години со извештај од овластен ревизор за извршена ревизија, ако таа ревизија е утврдена со закон; изјава дека барателот во своите интерни пресметки ќе води одвоена евиденција за секоја од дејностите што ги врши и дека ќе изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и парични текови на претпријатието во согласност со работењето, како и сметководствените стандарди кои се уредени во сметководственото работење; потврда дека против барателот, како и лицето овластено за претставување и застапување на барателот со правосилна судска одлука не е изречена мерка за безбедност, забрана за вршење на определена дејност и дека истиот не сторил прекршок и не е осуден за кривично дело; записници од последните извршени инспекциски извештаи од страна на надлежни инспекциски органи; доказ за поседување на возила за собирање и транспортирање на отпад; потврда за исполнетост на технички барања од членот 6 на овој правилник; изјава за веродостојноста на барањето, дадените податоци и документација потпишана од лицето овластено за застапување.

Треба ли и понатаму да набројувам почитуван министер.

Сето ова на крајот значи ли дека промоцијата на така на големо најавуваната регулаторна гилотиња ќе значи уште некој документ повеќе за добивање на дозвола и сето тоа да не може да се исконтролира и на крајот носите наредба за забрана.

Почитуван министер мислам дека би можел уште многу вакви апсурди да набројам, особено ако ги набројам потребните документи за барањата кои се поднесуваат во три примерока за добивање на дозволи, никој не знае зошто.

Кога сите званични институции во оваа држава ги издаваат документите во еден примерок и истите мора да бидат заверувани на нотар и тн., ако мора да се заверува на нотар зошто подносителот на изјавата за веродостојност на податоците треба да и даде, да и плаќа и тн.

Мислам дека голем број на овие нешта кои што се споменати ми даваат за право да побарам прво да ја симнете наредбата, а потоа да зборуваме за овој закон.

На крајот, знам дека ќе ве советуваат да кажете дека Царинската управа достави до сите царински испостави свои документи во кои што е дадена оваа наредба со допис број 1/87-43 од 1 јуни оваа година каде што се изземаат работите во оваа ваша наредба, сите оние нешта кои што се означени со ѕвездички.

Јасно е зошто ова се прави. Ако не е така ве молам да ме демантирате. Мислам дека дозволите за трговија со неопасен отпад ми дваат за право да побарам оваа наредба да се симне бидејќи би можел уште еден час да набројувам елементи за апсурдноста на оваа забрана.

Можеби многумина граѓани ќе споменат и ќе кажат дека сето ова се случува заради тоа што дел од луѓето кои што незаконски се занимаваат со оваа дејност успеваат да украдат дури и цели трансформатори и да ги предадат во откупни пунктови во Кочани, меѓутоа никој не прашува зошто не сте се запрашале зошто не сте извршиле забрана на таа дејност.

Затоа почитуван министер барам да се симне наредбата, а потоа да почнеме да дискутираме по Предлогот на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Значи ли тоа дека по паузата вие ќе имате збор, или дополнително ќе побарате.

(Пратеникот Ќуркчиев му одговара на претседателот).

Значи после министерот и после Флора Кадриу вие ќе се пријавите.

Дозвелете ми да објавам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата продолжуваме со работа.

Продолжуваме со расправата.

Бидејќи претставникот на Владата предлагачот доаѓа, продолжуваме таму каде што застанавме.

Колега Ќукрчиев, повелете, продолжуваме таму каде што застанавме. Бидејќи прекинавме таму, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека министерот ќе се изјасни по моето излагање, по мојата дискусија, мислам дека е така најдобро.

**Иван Анастасовски:** Така беше договорот?

**Никола Ќуркчиев:** Да, ако се согласува министерот.

**Иван Анастасовски:** Еве, пријавен е министерот, повелете почитуван министре.

**Џелил Бајрами:** Благодарам господине потпретседателе.

Само на кратко. Темелната вредност на Уставот на Република Македонија е заштита на животната средина. Таа Наредба што ја донесе Владата на Република Македонија е Наредба што мислевме дека ја направивме во вистинско време и во вистински момент. Сега, со донесувањето на законот што денеска е во парламентот, таа забрана ќе се укине. Нормално, дека законот ќе почне да функционира. Тоа е одговорот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министер.

Колега Ќуркчиев, повелете имате реплика од три минујти, бидејќи министерот имаше збор.

**Никола Ќуркчиев:** Го поздравувам решението на министерот, се согласувам со сето она што беше кажано од негова страна. Тоа значи дека Наредбата ќе биде симната многу брзо. Очекувам тоа да биде во наредните денови, пред стапување на сила на денешниот закон што е на дневен ред. Мислам дека ќе биде во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Денеска, пред нас имаме Предлог на закон за управување со отпад, за изменување и дополнување на Законот што не е направен исклучиво од аспект на усогласување на нашето законодавство со законодавството на ЕУ.

Имено, предложените измени и дополнувања даваат решенија за проблемите што совесните граѓани на Република Македонија секојдневно ги имаат со отпадот. Сведоци сме на тоа како нашите улици се посеани со отпадоци од опаковки, од опушоци, пластични шишиња, кеси и се друго што може да се фрли. Отпадод се остава по патишта и реки.

Верувам дека предложените измени за воведување казни за физички лица кои фрлаат отпад на недозволени места ќе делуваат превентивно и ќе ги принудат нашите граѓани да постапуваат посовесно со отпадот што го создаваат.

Но, ги повикувам службите на локалните власти да направат заложби во однос на целосна примена на законот, со цел да ги исчистиме нашите градови и улици од секаков отпад.

Воедно, му предлагам на министерот за животна средина да ги информира граѓаните на Република Македонија, преку медиумите за новините што произлегуваат од Законот во врска со новата казнена политика. Со тоа, истовремено, ќе се придонесе кон подигнување и на јавната свест на секој граѓанин за неговото однесување кон животната средина и ќе ја подигне одговорноста при фрлањето на отпадоците.

Втората работа на која што сакам да укажам и што сакам да ја поддржам е фактот што со измените се воведува дозвола за трговија со неопасен отпад. Со ваквата дозвола се регулира една значајна дејност во Република Македонија за собирање на метални отпадоци. Пред неполн месец слушавме од јавните гласила дека, речиси, секој метален производ кој бил во општа употреба бил предмет на кражба. Слушавме дека се украдени цели мостови и сообраќајни знаци, со цел истите да бидат продадени како отпад.

Со воведување на дозвола за трговија со отпад, ќе се знае кои се тие правни или физички лица кои се бават со оваа дејност. И, да не се донесеше забраната за откуп на отпадоци од метални производи мислам дека ваквата состојба ќе продолжеше и понатаму.

Од ова причина предложив дополнување на членот 32-а со нов став, со кој што Владата ќе може да ги определи предметите што нема да бидат откупени, а се во општа употреба. Тука пред се мислам на шахти, сообраќајни знаци, граничници на патиштата и слично.

Воедно, сметам дека со донесување на уредба, Владата треба да ја симне или укине забраната, затоа што со донесувањето на овој закон се создадени услови да се спречи појавата на кражба на овие производи.

Дополнително, во овој текст на закон се предлага трговците на отпад да водат и евиденција на индивидуалните собирачи на отпад. Тоа значи дека ќе биде познат секој поединец кој продава отпад и ќе се знае каков предмет продал истиот.

На крајот, би ги поздравила напорите на Министерството за животна средина и просторно планирање во процесот на усогласување на нашето законодавство со она на ЕУ. Во еден краток период од само неколку месеци ова Министерство презентира 6 закони пред Собранието на Република Македонија што се усогласени содирективите на ЕУ, како и тоа дека води отворен процес во нивното донесување. Ова е за поздравување.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад.

Пред да ве повикам да гласаме ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата, а колегите да седнат на своите места.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници во салата)

Во салата има 62 пратеници.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници присутни во моментот на гласањето, гласале 47 пратеници. Од нив 46 гласале за, еден воздржано, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, во салата се присутни 63 пратеници, сите 55 гласале за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа сседница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 11 став 2; член 16 став 2; член 29 за менување на ставовите 2 и 4; член 29 став 3 во новиот став 8; за додавање нов член 41-а по членот 41 и за додавање нов член 60-а по членот 60; по кои Владата не се произнела.

Пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов поднесоа амандмани на член 8 за додавање нов став 1 пред ставот 1; член 10 во новиот член 32-а став 3; член 12 за менување на став 2; член 23 став 6; член 24 став 2; член 29 став 3 за менување на новиот став 8; за бришење на член 43 и за менување на член 48, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џевад Адеми и Тахир Хани поднесоа амандман на член 10 во новиот член 32-а, ставови 2 и 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Флора Кадриу поднесе амандман на член 10 во новиот член 32-а за додавање на нов став 8 по ставот 7, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 1 пред ставот 1, поднесенод пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Прво, овој амандман е поднесен со цел да се регулира состојбата на пазарот,односно состојбата во собирањето на отпад, бидејки предлагачот во членот кој што се менува 27, нема предвидено дека во амандманот прво е направена една печатна гешка, во која што собирачите на отпад, до колку станува збор, стои “за приватни”, треба да стои за “правни лица”, треба да обезбедува дозволи од Министерството за животна средина, а до колку се работи за физички лица, да обезбедува дозволи од страна на единиците на локална самоуправа, каде што ќе го вршат собирањето на отпадот. Затоа сметам дека и Министерството за животна средина, и единиците за локална самоуправа ќе имаат увид за тоа колку луѓе и колку отпад ќе се собира, бидејки во текстот на законот е предвидено да се води евиденција.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, колеги да се сослушаме.

Продолжете.

**Влатко Серафимов:** Бидејки во текстот на законот е предвидено секој што собира односно што врши собирање на отпад е должен да води евиденција за тоа колку и каков отпад има собрано. Затоа мислам дека амандманот е издржан во кој што ќе се стави еден поголем ред околу собирањето на отпадот во Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 18, воздржан 1, а 43 гласале против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворм претрес по амандманот на член 10 во новиот член 32-а, ставови 2 и 3, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Зумрете Јакупи, Џевад Адеми и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Преку овој амандман почитувани пратеници, ние сакаме прашањето во врска со трговија со отпад, да се децентрализира и од органот на централна власт, предлагаме дозволата за оваа трговија да биде на органот на локална самоуправа.

Причината зошто е предложено, е во членот 29 од Законот за локална самоуправа, каде што се

предвидува како надлежност на локална самоуправа и управување со отпадоци, со цел, заштита на животната средина.

Иако министерот не го прифатиовој амандман, за да биде составен дел на овој Предлог закон, верувам дека од страна на пратениците ќе биде изгласан. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Со овој закон се настојува да се подобри фактичката состојба во Република Македонија, посебно во делот на отпадот, кој треба навистина Република Македонија да личи на една европска држава, преку санкционирање со овој закон, но колку толку, горе долу јас сум скептичен од аспект на примената на овој закон. Неслучајно се спомна и од колешката Ајше Селмани членот 22, каде Законот за локална самоуправа и прашањата во врска со заштитата на животната средина. Самиот процес на децентрализација, самиот процес на блискоста на локалната самоуправа, односно на општините со граѓаните, таму каде што тие гравитираат, носи една блискост меѓу општината и самите граѓани. Само по себе да се добијат дозволи за трговија со отпад, која е неопходна граѓаните да комуницираат со централната власт, е една бирократска, поголема администрација и многу потешко може да дојде во контакт со централната власт, односно со Министерството за животна средина. Но, исто така , мислам дека обврските кои ги има општината кон граѓаните, но исто така и обврските и должностите кои ги имаат граѓаните кон општината, мислам дека блискоста би била поголема и подобра, поуспешна и продуктивноста и комуникацијата на стекнување на дозвола за трговија со отпад, би била многу поголема, со што, општината ќе биде повеќе заинтересирана преку заинтересираните страни да имаат и бенефиции во општинската каса. Бидејки, самото управување на општината преку разни субјекти кои сакаат да развиваат трговија со отпад, сигурно дека ќе се плаќаше и такси преку таа работа и други двачки кон општината, но и општината истовремено, како локална смоуправа би била по чиста од еколошки аспект и би била повеќе заинтересирана, но и граѓаните исто така и општината. Од причина што блискоста на општината со граѓаните не случајно е дефинирана, не само со членот 22 од Законот за локална самоуправа, туку и самиот Закон за локална самоуправа, тоа го потврдува.

Мислам дека нема ништо лошо во овој наш предлог, да се примени овој наш амандман во овој закон, предложен од наша страна и ќе се материјализира тоа што навистина е еден од супстенцијалните елементи евроспки, како што ние ги бараме да ги има овој закон. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Пред да повикам да гласаме, ги замолувам пратениците да влезат во салата, бидејки ќе гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 16, еден се воздржал од гласање, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 10 во новиот член 32-а, став 3, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, повелете.

**Целил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин заменик претседател, почитувани пратеници, амандманот кој што е поднесен, е амандман од техничка природа, во кој што ќе ми дозволите, во ставот 3, во членот 32-а, дозволата која што ја издава за трговија на неопасен отпад, ја издава органот на државна управа, надлежен за работа и тоа од областа на животна средина за период од 10 години, за што се води посебен регистар.

Почитуван господин министер, 10 години е долг период во кој што дозволата која што ќе ја добие некој субјект, дали е физичко лице, дали е правен субјект, мислам дека периодот е предлог и ќе дојдат до многу несакани последици, доколку имаме и злоупотреби на дозволите кои што ќе бидат издадавани од надлежниот орган.

Физичките лица ќе поседуваат дозволи, бидејки претходниот амандман не го прифативте, во кој што се бараше единиците на локална самоуправа да ги издаваат дозволите, сега дали вие како државна управа, односно како Министерство, можете во рок од 10 години да водите и да ги следите сите луѓе гои што ќе добијат дозвола за тргување со неопасен отпад.

Сметам дека периодот кој што го предлагаме во овој амандман, да биде 5 години, да се скрати на половина, се со цел, да видиме дека луѓето кои ќто се заинтересирани да работат со трговијата на неопасен отпад, ќе имате увид колку и како ќе се справувате со таа трговија.

Меѓутоа, до колку во период од 10 години, ние ќе имаме една хипотетичка бројка од многу дозволи издадени, а малку трговија со неопасен отпад. Кажете ми што ќе се случи во тој период, до колку имаме злоупотреба на дозволите кои што се однесуваат на физички лица, бидејки тие самите,

до колку некој не може да се справува со трговија на неопасен отпад, ќе го пренесе правото на друг во негово име да врши откуп и да врши трговија со неопасниот отпад.

Меѓутоа, за период од 5 години може целата оваа состојба да биде видоизменета, се со цел луѓето кои што ќе се обучат да се занимаваат со трговија на неопасен отпад, ќе немаат време да вршат никакви малверзации, околу трговијата, односно пренесувањето на дозволата на трети лица.

Затоа сметам дека овој амандман е издржан и апелирам до парламентарното мнозинство да го подржи овој амандман, бидејки се работи за техничка природа со кој што само ќе имаме поголема контрола и поголема ревизија на дозволите кои што ќе бидат издавани од страна на Министерството за животна средина. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Како еден од предлагачите на овој амандман, со кој рокот за дозвола односно за важење на дозволата за работите за трговија со неопасен отпад, предлагаме наместо 10 години, да се скрати на 5 години. Би сакала да кажам дека рокот од 10 години, бидејки овој член не е дел од кореспондентната табела за усогласување со европското законодавство.

Значи, рокот од 10 години, како не дел од кореспондентната табела е даден од изготвувачите на законот, поточно, рокот од 10 години е утврден од Министерството за животна средина и просторно планирање. Ако во Република Македонија моментално постојат околу 40 илјади лица кои се занимаваат со трговија со неопасен отпад, можете да замислите колкава ќе биде бројката на дозволи кои треба да се дадат за трговија со неопасен отпад. Согласно тоа за издадените дозволи која ќе биде можноста за контрола на преку 10 илјади дозволи, кои би се издале хипотетички и каква ќе биде понатамошната нивна работа, односно следењето на физичките лица, на правните лица, при работењето со неопасен отпад.

Мислам дека овој рок треба да се скрати на 5 години, како што предлагаме во амандманот и мислев дека министерот ќе го прифати овој амандман, бидејки со него се подобрува законот за управување со отпад, поточно законот за изменување и дополнување на Законот со управување со отпад. Меѓутоа, мислам дека, ако воопшто ме слуша мнозинството на денешната седница, дека би требале да го изгласаат овој амандман, бидејки во многу ќе ја подобри иднината на тргувањето со неопасен отпад. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да гласаме ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во слата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидјеки ќе пристапиме кон гласање.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, во салата има 62 пратеници, ве повикувам да гласаме.

Ве молам седнете на своите места да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника во салата гласале 58 од кои 14 гласале за, нема воздржани, 44 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 32-А за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од пратеникот Флора Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот се прифаќа, само ако се согласи пратеничката наместо зборот “продуктите”, да стои зборот “материјалите”.

**Иван Анастасовски:** Дали предлагачот на амандманот се согласува?

**Флора Кадриу:** Да, се согласувам.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај, во таква форма амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Процедурална интервенција бара пратеникот Сафет Незири, повелете три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам потпретседателе.

Мислам дека треба парламентарното мнозинство подобро да раководи со работата на Собранието на Република Македонија и секогаш кога немаат кворум на помош им доаѓа опозицијата за да ги гласаат амандманите, но и законите.

Апелирам кај парламентарното мнозинство да ги обезбеди своите пратеници бидејќи имаат обврска, го добија гласот на народот, па треба да бидат посериозни затоа што ваквата работа не е во ред. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, во право сте дека парламентарното мнозинство има обврска, но затоа сме тука сите да менаџираме и се договараме претходно како и до кога да работиме. Во тој случај можеби во дадениот момент одредени пратеници од позицијата не се присутни, на пат се, така што обврската е заедничка на сите нас. Ви благодарам.

Продолжуваме.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, , поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за животна средина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен, Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Ценам дека овој амандман треба да биде прифатен без размислување од страна на предлагачот од повеќе причини.

Имено, се работи за член 11 став 2 кој ја регулира материјата во делот на складирање на отпад. Ценам дека за привремено складирање на отпадот во близина на местото на неговото создавање од страна на правни и физички лица мора да биде дадена согласност од надлежниот орган за вршење на работите од областа на животна средина, без разлика дали се работи за локален инспектор на животна средина, без разлика за издавање на дозвола од страна на локалната самоуправа или на Министерството.

Имено, почитуван министер, јас знам дека вие знаете, меѓутоа, почитувани колеги пратеници приближување кон еден одржлив систем на управување со отпад базира на директивите на Европската унија може да доведе да ставиме мал ред во она што ни се случува во овој момент во Република Македонија.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, сакам да ве уверам дека во овој момент Владата на Република Македонија мислам дека нема идеја да се справи со отпадот во Република Македонија. Знаеме дека има илјадници тони опасен отпад во Република Македонија. Дали Владата или Министерството знае како ќе се справи со таа работа?

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници, сакам да ви прочитам еден допис до Министерството за животна средина и просторно планирање: “Ве известуваме дека во Царинската управа на Република Македонија се наоѓа поголема количина на непозната хемикалија која е многу опасна и истата претставува голем проблем за чување. Истата не може да се складира односно депонијата Дрисла не може да преземе обврска таквата стока да ја депонира”.

Ве молам, јас и на Комисијата кажав дека Република Македонија има два начина да се справи со овој опасен отпад. Едниот е да го изнесе од земјата, а другиот е да настане хаварија. Кое решение ќе го одбереме, останува да почекаме да го видиме.

Токму од тие причини, почитуван министре, мислам дека имате сериозна должност да му укажете на министерот за финансии да ви обезбеди финансиски средства да се справи Република Македонија со илјадниците тони на опасен отпад складиран во Република Македонија, меѓутоа, најголем дел од тој отпад е во Скопје.

Токму од тие причини ценам да воведеме една нова мерка со која ќе се обврзат сите оние кои произведуваат отпад, како што сте назначиле во членот 11 и правни и физички лица да обезбедат согласност од надлежниот орган од областа на животната средина, како што веќе реков, без разлика дали се работи за документ издаден од страна на локалната самоуправа или документ издаден од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од тие причини ценам дека треба да биде прифатен овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседател, чекам да се тргне колегата, тоа е малку невкусно (еден од пратениците е со грбот свртен кон говорниците) ...

**Иван Анастасовски:** Јас не гледам зошто ви пречи колегата ...

**Влатко Серафимов:** Мислам дека е невкусно, ако сакаме да работиме, цело време опозицијата ви прави кворум (потпретседателот го замолува пратеникот да седне на своето место) и ако сакаме да работиме редно е да не сослушаат, барем оние забелешки кои ги имаме во врска со амандманите и во врска со законот, а во интерес на времето ние сакаме да бидеме кооперативни, меѓутоа, гледам дека од парламентарното мнозинство ниту се има добра волја ниту се сака да се стави состојбата во Парламентот во ред.

Почитуван министер, не знам од каде доаѓате, меѓутоа можам да ви кажам една работа. Сигурно сте запознаени со проблемите што ги имаше Министерството за животна средина и просторно планирање во Тетово - со Железничката станица.

Тоа беше место каде се депонираше целиот комунален отпад без никаква согласност, без никаква дозвола од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Се вршеа напори од страна на Министерството, три пати се чистеше платото на Железничката станица која беше претоварна станица односно привремено складирање на неопасен отпад.

Колегата Ќуркчиев зборуваше за опасен отпад, тоа не сакав да го зборувам од говорницата, бидејќи многу луѓе ќе бидат во паника и во Скопје и во Република Македонија. Меѓутоа, за неопасниот отпад можеме да дебатираме и можеме да кажеме што се случуваше во Тетово, какво место на потенцијална зараза беше Железничката станица во Тетово.

Дели сметате сега како министер за животна средина дека не треба Јавното комунално претпријатие во Тетово да добие дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање за привремено складирање на отпадот на тоа место. Тоа е место каде ќе се претовара отпадот и ќе се носи на депонии кои ги исполнуваат условите. Ако тргнеме со ред такви места на кои нема прибавување на дозволи од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, верувајте ми, секое плато

ќе биде депонија во Република Македонија. Знаете зошто? Затоа што најлесно ќе биде, ќе го истовараме сметот тука, а потоа Министерството за животна средина и просторно планирање ќе обезбеди средства и тоа место ќе го исчистиме, ѓубрето ќе го однесеме во депонија која ќе ги исполнува условите. Таков беше случајот со тетовската депонија. Тетовчани тоа многу добро го знаат. Меѓутоа, вие, во овој момент можам да тврдам, дека се што е поднесено од страна на опозицијата не сте подготвени да го прифатите. Ова не е политички маркетинг, тука се работи за животна средина, тука се работи за здравјето на луѓето и на природата, во интерес на сите граѓани. Животната средина нема поделби на позиција и опозиција.

Затоа апелирам и до владеачкото мнозинство овој закон, верувајте, ако не се прифати овој амандман, секој ќе има право секаде да истура ѓубре се со цел понатаму државата да го тргне ѓубрето и да ја исчисти таа дива депонија.

Доколку не се прифати овој амандман, ќе имаме легализирање на дивите депонии, а со дивите депонии никој не се справува освен Министерството за животна средина и просторно планирање. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

(Минуваат минути на чекање)

Почитувани колеги, овде ја прекинувам денешната работа.

Во понеделник продолжуваме со 45-та седница на Собранието на Република Македонија во 11,00 часот. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,14 часот)